***Национален совет за родова рамноправност (НСРР)***
Ул. 11 октомври бр 17-1/1, 1000 Скопје; П.Ф. 571, Р. Македонија
Тел. ++ 389 2 3134 390
E-mail: sozm@mt.net.mk; sozmrc@unet.com.mk
www.sozm.org.mk

До: Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците

г-ѓа Нада Ципушева, заменичка претседателка

Предмет: Барање

Почитувани,

Со оглед на тоа дека во процедура е предлогот за измени и дополнување на Законот за Народен правобранител на Република Македонија, а во насока на подобрување и постигнување на родовата рамноправност, како и обезбедување на поголема заштита на правата на граѓаните/ките и почитување на принципот на недискирминација врз основ на пол, Националниот совет за родова рамноправност како граѓанска организација која работи на постигнување на родовата рамноправност во државата, **бара дополнување на овој закон со воспоставување на Правобранителка за родова рамноправност како механизам за целосно спроведување на Законот за еднакви можности и сузбивање на дискриминацијата врз основа на пол. Правобранителката за родова рамноправност би била надлежна за родовата дискриминација и рамноправноста како дел од Народниот правобранител на Република Македонија.**

Позицијата правобранителка за родова рамноправност е пракса во сите демократски земји како и во земјите од балканскиот регион (на пр. во Република Хрватска постои и работи од 2008 год.). Почитувајќи ја демократијата, заштитата на човековите права и заштита од дискриминацијата врз основа на пол како уставно право, како и заложбите на Република Македонија за влез во ЕУ и исполнување на стандардите за членство, се надеваме дека ова наше барање ќе биде исполнето, сè со цел праведно и еднакво општество за сите граѓани на Република Македонија.

**Надлежности на правобранителката за родова рамноправност**

Правобранителката за родова рамноправност постапува по претставка за дискриминација врз основа на пол, брачен или семеен или било кој друг статус.

Правобранителката делува независно и самостојно, го следи спроведувањето на Законот за рамноправност меѓу половите и други прописи кои се однесуваат на рамноправноста меѓу половите.

Најмалку еднаш годишно го известува Собранието на Република Македонија.

***Национален совет за родова рамноправност (НСРР)***
Ул. 11 октомври бр 17-1/1, 1000 Скопје; П.Ф. 571, Р. Македонија
Тел. ++ 389 2 3134 390
E-mail: sozm@mt.net.mk; sozmrc@unet.com.mk
www.sozm.org.mk

Најмалку еднаш годишно го известува Собранието на Република Македонија.

Правобранителката за родова рамноправност ги разгледува случаите на кршење на начелото на рамноправност меѓу половите, случаите на дискриминација кон поединки/ци или групи на поединци врз кои е извршено, од страна на тела од државната управа, единици и тела на локалната самоуправа и други тела со јавни овластувања, вработените во тие тела и други правни и физички лица.

Во вршењето на работа од својот делокруг правобранителката ќе биде овластена да опоменува, предлага и дава препораки.

Горенаведените тела се должни по писмен пат да ја известат правобранителката за преземените мерки и акции во согласност со опомените, предлозите и препораките.

Подетално за надлежностите и работата на Правобранителката за родова рамноправност препорачуваме да се користи хрватскиот модел.

Надевајќи се на успешна соработка, стоиме на располагање за учество и поддршка во процесот и очекуваме повратна информација.

Може да нè контактирате на:

++389 2 3134 390 или 070 21 27 27

Скопје, 26.7.2016 год.

Сојуз-Национален совет за родова рамноправност • НСРР

Претседателка на НСРР:

Савка Тодоровска